**20150280816**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 76 став (3), а во врска со член 10 став 1 точка 14) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14 и 167/14), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА СОПСТВЕН ПРИХОД НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА КОЈ СЕ ОСТВАРУВА ПО ОСНОВ НА ДАВАЊЕ НА СТРУЧНА ПОМОШ ЗА ПРИМЕНА НА ЦАРИНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРЕКУ ОРГАНИЗИРАЊЕ СЕМИНАРИ И ЈАВНИ ТРИБИНИ СО ПРАВО НА НАДОМЕСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на сопствен приход на Царинската управа кој се остварува по основ на давање на стручна помош за примена на царинските прописи преку организирање семинари и јавни трибини со право на надомест.

Член 2

Царинската управа стручната помош ја дава на правни и физички лица кои имаат потреба од обука на теми поврзани со примена на царинските прописи при што истата ја организира и спроведува:

- самостојно или
- во соработка со надворешни институции.

Член 3

Висината на надоместокот за давање стручна помош за примена на царинските прописи, кога Царинската управа самостојно ја организира и спроведува стручната помош изнесува:

- за стручна помош во траење помалку од 3 часа – не се наплатува надоместок,
- за стручна помош во траење од 3 до 5 часа – 2.000,00 денари по учесник,
- за стручна помош во траење од 5 до 8 часа – 3.000,00 денари по учесник,
- за стручна помош во траење од 8 до 16 часа – 5.000,00 денари по учесник,
- за стручна помош во траење од 16 до 24 часа – 7.000,00 денари по учесник и
- за стручна помош во траење над 24 часа – 10.000,00 денари по учесник.

Член 4

Висината на надоместокот за давање стручна помош за примена на царинските прописи, кога Царинската управа ја организира и спроведува во соработка со надворешни институции изнесува 1.000,00 денари за работен час по вработен во Царинската управа кој е вклучен во давањето стручна помош.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-1323/1
17 февруари 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.